Република Македонија

Бр. ____________________

Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот:
Предлог на Закон за регулирање на обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуциите на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр. 64-3 и бр.52-4

Усогласеност со Програмата на Владата: Не е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:
- Образец за фискални импликации
- Образец за иницијална проценка на влијание на регулатива
- Мислење од Секретаријат за законодавство

Дата на доставување на материјалот:

Скопје, .06.2010 година

ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ

м-р Зоран Ставрески

____________________

Изработил: Ана Тодоровска/Наташа Лазаровска
Контролирал: м-р Рената Давиткова- Панчева/ Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на Закон за регулирање на обврските на Република Македонија кон Меѓународниот Монетарен Фонд по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуциите на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр. 64-3 и бр.52-4

Скопје, јуни 2010 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. _________
___________ Скопје

До Претседателот на Собранието на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија,членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија ви поднесува Предлог на Закон за регулирање на обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуциите на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр. 64-3 и бр.52-4 што го утврди на седница ____________________________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии и г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник е определена Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

ВОВЕД:

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Одборот на гувернери на Меѓународниот Монетарен Фонд (ММФ) на 7 Август 2009 година со Резолуција бр.64-3 ја одобри општата нето кумулативна алокација на Специјални права на влечење (СПВ) во износ од 250 милијарди долари, со цел да се обезбеди поголема ликвидност во глобалниот економски систем преку поддршка на девизните резерви на земјите членки на ММФ. Општата нето кумулативна алокација беше извршена на 28 Август 2009 година, и од истата на Република Македонија и припаднаа средства во вкупен износ од 51.076.245 СПВ.

Одобрувањето на оваа мерка која е значајна за зголемување на глобалната ликвидност ќе ги зголеми девизните резерви на земјите членки на ММФ и ќе послужи првенствено како дополнителен обрач на ликвидносните шокови. Оваа мерка несомнено ќе допринесе до зголемување на капацитетот на земјите членки за справување со потенцијалните платно-билансни притисоци.

Истовремено, со одобрувањето на оваа алокација во сила влезе и четвртата измена на Статутот на ММФ, која обезбедува еднократна (специјална) алокација на СПВ согласно Резолуција бр. 52-4 од 23 септември 1997 година, која стапила на сила на 10 август 2009 година. Од вкупниот износ на оваа алокација кој изнесува 21.5 милијарди СПВ, на Република Македонија и припаѓаат средства во износ од 6.161.937 СПВ.

Целта на специјалната нето кумулативна распределба на СПВ е да им се овозможи на сите земји членки на ММФ да учествуваат во системот на СПВ на правична основа, особено имајќи го предвид фактот дека земјите кои се приклучија кон Фондот по 1981 година, кои всушност претставуваат повеќе од една петтина од сегашното членство на ММФ немаа добиено распределба на СПВ. Исто така, оваа распределба двојно ја зголеми вкупната распределба на СПВ и тоа на 42.8 милијарди СПВ, или околу 64 милијарди УСД.

Република Македонија може слободно и безусловно да располага и да ги користи овие средства за финансирање на буџетските потреби. За таа цел, Министерството за финансии направи анализа на условите за користење на овие средства, при што констатираше дека истите се поволни од аспект на каматната стапка и рок на враќање.

Имено, од аспект на каматната стапка на овие средства Република Македонија ќе плаќа камата со променлива каматната стапка која се пресметува врз основа на просечните тримесечни каматни стапки остварени на пазарот на пари на четирите валути кои учествуваат во пресметката на СПВ, и тоа: американски долар, јапонски јен, евро и британска фунта. Во моментот каматната стапка на СПВ изнесува 0,25%.

По донесувањето на овој предлог на Закон, Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија ќе склучат Договор за регулирање на користењето и враќањето на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на овој предлог на закон е да ги регулира обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи финансирање на буџетските потреби.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

За сервисирање на обврските кон ММФ кои произлегуваат од овој закон ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел III на овој Предлог закон и во Образецот за фискални импликации даден во прилог на овој материјал.

Предлог на Закон за регулирање на обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуција на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр.64-3 и бр.52-4

Член 1

Со овој закон се регулираат обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата нето кумулативна алокација на специјални права на влечење во износ од 51.076.245 СПВ одобрени од Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд со Резолуција бр. 64-3 од 7 август 2009 година, и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење во износ од 6.161.937 СПВ одобрени од Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд со Резолуција за четвртата измена на Статутот на Фондот бр. 52-4 од 23 септември 2007 година која стапила на сила на 10 август 2009 година.

Член 2

Се овластува Народната Банка на Република Македонија во својство на фискален агент на Република Македонија и депозитар на паричните средства на Меѓународниот монетарен фонд да ги прими и да ги трансферира средствата од членот 1 на овој закон на посебна сметка на Министерството за финансии, која за таа намена ќе биде отворена во Народна Банка на Република Македонија.

Член 3

Средствата од членот 1 на овој закон ќе се користат за финансирање на буџетски расходи и долгот на Република Македонија.

Член 4

Користењето на средствата од членот 1 на овој закон претставува финансиска обврска на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд.

Средствата од членот 1 на овој закон ќе се вратат на начин и во рок предвидени во Статутот на Меѓународниот монетарен фонд.

Враќањето на средствата од членот 1 на овој закон, како и сервисирањето на обврските по основ на камата и другите трошоци ќе се врши со средства од Буџетот на Република Македонија, преку Народна банка на Република Македонија.

Член 5

Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија ќе склучат Договор за регулирање на користењето и враќањето на средствата од членот 1 на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Овој закон има за цел да ги регулира обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд кои ќе произлезат од користењето на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење, кои на Република Македонија и ги одобри Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд во вкупен износ од 57.238.182 СПВ, од кои 51.1 милион СПВ се од општата нето кумулативна алокација, додека 6.2 милиони СПВ се од специјалната нето кумулативна алокација. Каматната стапка по која се одобруваат овие средства во моментот изнесува 0.25%.

Согласно член 4 од Законот за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународниот монетарен фонд („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/93 и 52/09), Народна банка на Република Македонија како фискален агент на Република Македонија ги извршува сите работи и трансакции во име на Република Македонија и настапува како депозитар на ММФ во Република Македонија во согласност со Статутот на ММФ. Со овој закон на Народна банка на Република Македонија и се дава овластување да ги прими и да ги трансферира средствата на посебна сметка на Министерството за финансии, која за таа намена ќе биде отворена во Народна Банка на Република Македонија.

Целта на овој предлог на закон е да овозможи повлекување на овие средства кои би се користеле за финансирање на буџетски расходи и долгот на Република Македонија. За враќањето на средствата и сервисирањето на каматата и другите трошоци од општата и специјалната алокација на специјални права на влечење ќе се користат средства од Буџетот на Република Македонија.

Постапката на враќање на средствата и сервисирање на каматата и другите трошоци ќе се врши преку Народна банка на Република Македонија како фискален агент на Република Македонија. За таа цел, Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија ќе склучат Договор за регулирање на користењето и враќањето на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат опис на начинот на користење и враќање на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на СПВ.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на СПВ ќе се користат за финансирање на буџетските расходи и долгот на Република Македонија.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| I.Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за регулирање на обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуциите на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр. 64-3 и бр.52-4 | 2. Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии | |
| 3. Цел на предлогот:<br>Обезбедување на средства од општата и специјалната нето кумулативна алокација на СПВ кои ќе се користат за финансирање на буџетските расходи и рефинансирање на долгот. | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за регулирање на обврските на Република Македонија кон Меѓународниот монетарен фонд по основ на користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на специјални права на влечење одобрени со Резолуциите на Одборот на гувернери на Меѓународниот монетарен фонд бр. 64-3 и бр.52-4 | |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел : : 3132-245; 3106-454; факс: 3106-140;<br><br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7. Активност | | | | |
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( X ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средствата) меѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми | |
| 9. Цел на барањето/ предложената активност: Целта е регулирање на начинот и условите за користење на средствата од општата и специјалната нето кумулативна алокација на СПВ кои ќе се наменат за финансирање на буџетски расходи и долгот на Република Македонија. | | | | |
| 10. Врска со владината програма: | | | | |

| 11. Фискални импликации | (во илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 6.481,8 | 22.963,6 | 45.927,2 | 57.409,0 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: вкупен износ на средства од општата и специјалната нето кумулативна алокација на СПВ | 4.000.000 | | | |
| 12.Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | |
| 13.Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18.Измени побарани од | | | | |

| | |
|---|---|
| Министерство за финансии: | |
| 19. Одговор на Министерството предлага: | |
| 20. Одговор од Министерство за финансии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финансии е дадено во прилог: | |
| 22.Одобрен/ дата: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________________ | /0 6/2010 | _______________ | /0 6/2010 |
| Потпис на државен секретар или директор на орган | Ден / месец / год. | Потпис на Министерот | Ден/ месец / год. |

Изработил: Ана Тодоровска/Наташа Лазаровска
Контролирал: м-р Рената Давиткова- Панчева/ Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева